27-34.qxd 6/7/2005 3:38 PM Page 29



Меѓународен проект

# КАКО СЕ СЛУЧИ РАСПАДОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА

*Иницијатива на научниците* за контраверзите на југословенската криза е наслов на амбициозниот проект околу кој се собрани повеќе од 250 научници, политичари, експерти, историчари... од 27 држави од сите пет континенти. Тие се обидуваат да дадат одговор кои се причините за трагичните случувања на просторот на бивша Југославија во последната деценија на минатиот век. Резултатите на четиригодишното истражување ќе бидат презентирани во 11 сепарати на 19 април во Вашингтон, САД. Истражувањето го спонзорираа американските: *Институтот за мир на САД*, *Националниот фонд за демократија, Германскиот Маршалов фонд - Балкански фонд* и *Мировните студии на Универзитетот Пердју*.

Проектот да се истражи конфликтот на овие простори е покренат пред четири години. Иницијаторите се американските професори по историја **Чарлс Инграо** и **Том Емерт.**

Целта на овој обемен проект е да се утврдат фактите и причините за војната на просторот на бивша Југославија и да се разбијат предрасудите и митовите меѓу завојуваните страни за тоа кој е крив за распадот на Југослвија.

Проектот, покрај останатото, ја анализира и улогата на меѓународната заедница во расточување на СФРЈ. Во него се наведува дека распадот на Југославија не беше неизбежен и дека на нејзиниот колапс и војната влиајеа многу фактори, меѓу кои и: "Појавата и делувањето на **Слободан Милошевиќ** и другите амбициозни политички водачи и интелектуалци во неколкуте републики"; "Распадот на Југославија можеше да се избегне само со здружените напори на домашните политичари, со помош на меѓународната заедница".

Според Извештајот, меѓународната заедница можеше да покаже повеќе разбирање за проблемите на просторот на бивша Југославија и да биде попресретлива во напорите да се сочува Југославија. "Ниту САД, ниту Германија, ниту некоја трета светска сила не вложиле доволно напор да се спречи распадот на Југославија" - се вели во извештајот. Тоа беше причината една група на бивши југословенски политичари да и дадат поддршка на политиката на Милошевиќ, а другите да му се спротивстават, што доведе до конфликт.

Така, според истражувачите, паѓаат во вода теориите за наводен американски, ватикански, исламски или "светски" заговор против Југославија.

Според истражувачите, паѓаат во вода теориите за наводен американски, ватикански, исламски или "светски" заговор против Југославија




**Д-р Миле Бјелајац**, научен советник на белградскиот *Институт за поновата историја на Србија*, еден од координаторите на проектот и раководител на одделот кој ја истражува војната во Хрватска, вели дека овој проект нема за цел да им пресудува на одредени држави и да ја утврдува конечната вистина за распадот на Југославија, туку на заинтересираните научни институции, поединци, политичари, аналитичари... да им понуди што повеќе податоци и аргументи за трагедијата што се случи во СФРЈ. Целта на проектот е да се понуди што поголем број одговори и да се затворат, ако е можно, некои контроверзни прашања.

Според научниците собрани во овој проект, постојат стереотипи за случувања во Југославија кои тешко се рушат. Едноставно, при истражувањето научниците наидуваат на отпори во одредени средини кои се обидуваат да ја задржат постоечката "вистина" .

Истражувачите работат во 11 тимови со формулирани теми: *Косовската автономија (1974-1990); Расточување на Југославија (1986-91); Независноста и судбината на малцинствата (1991-92); Етничкото чистење и воените злосторства (1991-94); Меѓународната заедница, СРЈ и страните во војната (1989-95); "Заштитени зони" (1992-95); Војната во Хрватска (1991-95); Милошевиќевото Косово - Ругова и ОВК (1990-99); Интервенцијата на САД и НАТО (1998-99); Хашки трибунал; Меѓусебната омраза или заедничкиот живот.*

Збирката на научни трудови, насловена *Преобмислување на распадот на Југославија*, која ќе содржи 14 статии од учесниците во проектот, ќе биде публикувана во издание на *Централноевропските студии* на *Универзитетот Пердју* во 2006 година.

**А.П.**